**ИЗЛОЖБИ**

# Единство на идејата и изразот

**● Кон изложбата на Станко Павлески во галеријата „Стоби" во Скопје**

Во работата на приватните галерии во Скопје повремено се обновува настојувањето да се претставаат одделни авторски проекти. Тоа, од една страна, значи подигање на рамништето и статусот на одредената галерија, која од друга страна не може да смета на позначителни финансиски ефекти. Парадокси од овој вид не и се сосем несвојствени на нашата средина.

Пред нас е изложба концепт од Станко Павлески (1959) кој и припаѓа на поновата уметничка практика во последнава деценија. Тоа е време кога вајарското дело доби својства на две нешта, на сликарство и на предмет, кои не ѝ се толку својствени. За скулптурите на Станко Павлески можеме да говориме како за обликување, конструирање на предмети кои имаат скулптурални својства. Основните проблеми на неговата скулптура останува от до доменот на поимање на материјалот во процесот на изградување на обликот, неговиот волумен и простор со нови структурирани можности. Клучот е во конструирање на обликот, сфатен како омеѓување на празнина која е редукција но не и негација на волуменот. Во работата на Станко Павлески постои една сигурна константа-вистината на материјалот која значи негово потполно разбирање, прифаќање на неговиот дух и неговата природа. Целиот процес на работа во метал имал смисла на тоа меѓусебно разбирање, делување и чувство на телото и делото на скулптурата. Скулптурите можат да ни изгледаат како своевидни просторни цртежи, како содејство на телото, идејата и материјалот во кое се испреплетуваат испитување на масата и поимање на скулптурата како лушпа, кога и самиот простор во еден момент станува „материјал". Сега е тоа веќе омеѓување на празнината на внатрешнината, игра со просторот на скулптурата, надвор-однатре-надвор. Тоа е направено строго и со рационализирана постапка, со користење на симетрија, центрирање и рамномерно сменување на полно и празно, сменување на планови, простор и време дефинирано со опкружување на скулптурата. Едновремено, авторот прави извесен отклон кон нивната спротивност, а тоа е несиметрија, децентрираност, ритам кој и дава посебна тектонско-просторна структура и асоцијативни содржини на скулптурата. Тоа е израз на една нововообличена претстава на светот во која се соединуваат техничката компонента со делови на стара и нова вознемиреност на човечкиот дух, простори кои не можат лесно да се дефинираат.

Скулптурите на Станко Павлески имаат белези на некакви „технички играчки" кои не го губат сосем магискиот ефект. Пред нив може да се говори за поимот на „архитектура" во смисла на целина на елементите која е нешто друго и повеќе отколку збир на нејзини делови. Конструктивната волја придонесува да се развие ново обликување базирано на кубични форми и геометриска чистота. Тоа е своевидна „уметност на мисли" со напор да се избегне некаква „универзална формула" и наместо неа да се достигне извесна метафизичка сугестија. Морфолошки јасни неговите скулптури се речиси индустриски прецизно обликувани и попримаат објективни својства. Воведен е проблем на скулптура како столб, а некои од нив се оформија во облик на кутија со разновидни асоцијации и значења. Пречистените геометриски форми и идејата на монументализам се во контингенција на човекот, некогаш изронуваат од архетипови.

Создавањето на Станко Павлески нуди едни од највпечатливите претстави во нашата современа скулптура, оној најмлад нејзин сегмент. Тој пронаоѓа единство на идејата и изразот, меѓу мислите за обликот и неговата прецизна изведба. Внесувањето ред и јасност не потсетува на мислата од Жорж Брак: „Сакам правило што ја исправува емоцијата". Таквото настојување се појави по извесниот беспоредок во ликовното творештво, „новата слика" и така натаму. Во ова „мутантно време" тој се определува за неоконструктивистичката скулптура, како субјективен сведок на времето и носител на свеста за традицијата и современоста. Станко Павлески успеал авторски да изврши избор на дела групирани во разни ансамбли (во слободен простор, покрај ѕидот и инсталирани на ѕидните површини), но сепак треба да се забележи дека просторот на галеријата се покажува мал во однос на просторот што го бараат барем еден дел од изложените скулптури.

**Владимир Величковски**